Упати ме на дело со кое ќе влезам во рајот, ако го сторам тоа дело.‘ Пратеникот му одговорил: ,Обожувај го единствено Аллах и не припишувај Му друг, клањај ги пропишаните намази, дај го задолжителниот зекат и пости го месецот рамазан!‘

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува: Еден бедуин дошол кај Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, и му рекол: „‚Упати ме на дело со кое ќе влезам во рајот, ако го сторам тоа дело.‘ Пратеникот му одговорил: ,Обожувај го единствено Аллах и не припишувај Му друг, клањај ги пропишаните намази, дај го задолжителниот зекат и пости го месецот рамазан!‘ ,Се колнам во Оној во чија рака е мојата душа, ништо нема да додадам на ова.‘, одговорил човекот. Кога заминал, Аллаховиот Пратеник им рекол на асхабите: ,Кој сака да види човек од жителите на џенетот, нека погледне во овој (бедуин).‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Некој бедуин дошол кај Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, за да го поучи на дело кое би го внело во Џенет. Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, му одговорил дека влегувањето во Џенет и спас од Џехенемот зависи од извршувањето на основите на исламот. Неопходно е да се обожува само Аллах и никој друг и не смее да му се припишува здруженик. Треба да клања петпати намазот со кој Аллах ги обврзал Своите робови, во текот на денот и ноќта. Да го дава зекатот на имотот, со кој Аллах го задолжил, и да им го даде на тие за кои е наменет. Да го пости месецот рамазан во неговото одредено време. Човекот потоа рекол: Се колнам во Оној во чија рака е мојата душа, нема да додадам доброволни дела на овие задолжителни дела, ниту ќе намалам нешто од нив. Кога се свртел и отишол, Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Кој сака да има среќа и да види човек кој ќе биде во Џенетот, нека го погледне овој бедуин.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3689